Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола

| Примено | 29.06.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Организационе единице | Број | Прилог | Вредност |
| 01-355/1 | | | |

30.03 12-2/7/4

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 39. седница одржана на 30.03.2015 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Информатички науки и комуникациско инженерство", прв циклус четиригодишни студии на Факултет за информатички и комуникациски технологии, Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Информатички науки и комуникациско инженерство", прв циклус четиригодишни студии на Факултет за информатички и комуникациски технологии, Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран инженер по Информатички науки и комуникациско инженерство,** Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: Информатика, Компјутерска техника и информатика, научно - истражувачка област: 11000 - 11010, 21200 - 20207.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за информатички и комуникациски технологии, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, за организирање прв циклус четиригодишна студиска програма „Информатички науки и комуникациско инженерство“, на 03.03.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на својата 38 седница одржана на 12.03.2015 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 39. седница одржана на 30.03.2015 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски